

***Повод: ТАТЈАНА НЕШКОВСКА***

Во најновата престава „Неочекувана забава“ настапува **Татјана Нешковска** која на сцена за прв пат настапи минатата година во комедијата „Баба се мажи“. Татјана го привлече вниманието на гледачите со карактерот на Лидија и за истата улога минатата година ја доби наградата Александар Македонски за глума за најдобар дебитант. За да ја запознаеме публиката малку повеќе со Татјана, поведовме разговор.

**. Повеќе години сте водител на Радио програмата „ Тавче Гравче“ во Волонгонг. Како се вроди љубовта во радиото?**

Уште како мало дете имав желба да бидам на радио, но посебно сакав да бидам ТВ водителка, и често ги имитирав тв водителките од телевизијата. Исто така многу бев заљубена во македонските традиционални песни и фолклор. Кога дојдов во Австралија и кога ми се даде можност да земам учество во програмата „Тавче Гравче“ мислам дека ми се исполни тој сон да се дружам со македонската песна и оро, и преку етерот да се дружам со врвни уметници кои доаѓаат како гости на програмата како и да се дружам во заедницата за време концертите. Ми прави големо задоволство кога слушателите ќе ми се јават и го искажат задоволството што ме слушаат, а програмата се слуша не само во Австралија туку се слуша во Македонија и Европа. Со нетрпение очекувам да дојде недела и да се дружам со слушателите и ми прави задоволство што го негуваме македонскиот јазик и култура. Радиото е дел од мојот живот.

**. Како се вроди љубовта во Театарот? Каков беше вашиот почеток?**

Кога ја видов драмата „Куферот“ во изведба на АМТС бев воодушевена од професионализмот и темата што се обработуваше. Ми се врати од детството таа вродена желба да бидам на сцена и да играм различни карактери. Им пријдов на актерите и на авторот Душан Ристевски, со кои направив интервју за радио програмата и се понудив да глумам. Сите беа позитивни и ме прифатија. Ми понудија да земам учество во „Баба се мажи“, но како тие што не веруваа во мене така и јас самата не си верував дека така успешно ќе ја одиграм улогата, онака како авторот Душан и режисерот Васко го бараа тоа од мене. Значи со тоа и започна мојата „глумачка кариера“ ако можам така да ја наречам. Мојот сон се оствари, настапив на сцена прв пат и тоа ми врежа љубов сцената да ја сакам уште повеќе.

**. Како што рековте прв пат на сцена настапивте минатата година и ја добивте наградата Александар Македонски за улогата на Лидија, како се чувствувавте по добивањето на ова престижна награда?**

Се чувствувам прекрасно и никогаш не верував дека ќе бидам наградена, а конкуренцијата беше голема. Мислам дека се дадов од себе не со глумењето туку и со изгледот и костимографијата, сакав целосно да го „освојам“ ликот на Лидија, а и тој да ме освои мене. Жири комисијата сигурно го виде тоа. Но што е најважно уживав да го играм тој лик и уживав да бидам на сцена и да се дружам со целиот тим на оваа драма.

**. Во „Неочекувана забава“ ја играте улогота на Зуклинда. Како ја сфаќате оваа улога и во што се состои?**

Во оваа драма режисерот Стефо Нанцу ми ја довери улогата на Зуклинда, заболекарка. Многу е кратка но е доста интересна и верувам дека ќе им се допадне на гледачите, поготово што се крие тајност и неочекувана разврска на настаните кои сите нас не прават убаво да размислуваме за нашите секојдневни постапки. Значи ќе бидам заболекарка.

**. Кои се вашите планови во блиска иднина?**

Моите најважни планови во животот ми се да си ги одгледам, воспитувам и да им го покажам правиот пат на моите синови Тајсон и Томас. Моите сонови и желби се

споредни но секако слободното време сакам да продолжам да го посветувам на радио програмата „Тавче Гравче“ и да продолжам да глумам за АМТС, во зависност какви улоги ќе ми понудат. Се надевам дека ќе имам доволно елан и ќе бидам во можност и понатаму да глумам, да ги негувам македонската изворна песна, јазик и култура.

**Душан Ристевски**